**Република Македонија** **Извод**
**Н О Т А Р**
**ВЕСНА ДОНЧЕВА** **ОДУ бр.738/16**
**За подрачјето на Основните судови на град Скопје**
**Скопје, ул."Даме Груев" бр.28**
**26.07.2016 година (ден дваестиишести, месец Јули, година двеилјади и шеснаесетагодина), Скопје 10.00 (десет) часот**

Јас **Нотар Весна Дончева**, надлежна за подрачјето на Основните судови на град Скопје, со седиште на ул. Даме Груев бр.28, потврдувам дека на писмено барање од Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје потпишано од г-ѓа Олгица Спасевска -Шеф на Кабинет на Управен Одбор присуствував на Собранието на акционери на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје кое се одржа на ден 26.07.2016 / ден дваестиишести, месец Јули, година двеилјади и шеснаесетагодина/ Вторник со почеток во 10,00 (десет) часот во седиштето на Банката на ул."Македонија" бр.9-11 во Скопје.-------------------------------
Откако утврдив дека се исполнети условите за преземање на ова службено дејствије врз основа на член 73 од Законот за Нотаријат, и член 407 став 5, а во врска со чл. 383 став 3 од Законот за Трговски друштва (Сл.Весник на РМ бр. 28/2004) и член 9 и 10 од Правилникот за формата начинот на пишување и одбележување на нотарските исправи го составив следниот:-------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**-------------------------------- ЗАПИСНИК од Седница од СОБРАНИЕ на акционери--------------------**
**---------------------------на ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ-------------------------**
**-------------------------------------------------од 26.07.2016 година -----------------------------------------------**

Пред отпочнување на Собранието на акционери на мое барање ми беше предочено.------------------------
-Тековната состојба на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје од која утврдив дека Друштвото е запишано во Централен Регистар на Република Македонија со ЕМБС 4558669 застапувана од Претседател на Управен одбор Г-дин Глигор Бишев и членови на Управен Одбор Г-дин Саша Боко и г-дин Дамир Иваштиновиќ утврдено од Тековна состојба издадена од Централен регистар на РМ со седиште на ул."Македонија" бр.9/11 Скопје, чие својство и овластување ги утврдив од упишаните податоци во Трговскиот регистар од Тековната состојба за правното лице издадена од Централниот регистар на Република Македонија- прилог на овој Записник----------------------------------------------------
-Јавен повик објавен во дневното гласило Нова Македонија од ден 25-26 07.2016 (ден дваесет и петти/шести, месец Јули, година двеилјадиишеснаесета) година со која се повикуваат акционерите да присуствуваат на седница на Собранието на акционери на Банката, на ден 26.07.2016 / **ден дваестиишести, месец Јули, година двеилјади и шеснаесетагодина** со почеток во 10,00 часот во седиштето на Банката на ул."Македонија" бр.9-11 во Скопје - прилог на овој записник--------------------
-Акционерската книга на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, издадена од Централниот Депозитар за хартии од вредност штампана на ден **25.07.2016 година (ден дваестиишести, месец Јули, година двеилјади и шеснаесетагодина)** во 14:20:49 часот, под ISIN број MKINBA101012, со состојба 48 часа пред одржувањето на седницата, со вкупно запишани 622.762 (шестотини дваесет и две илјади и седум стотини и шеесет и две) обични акции.------------------------------------------------------
-Список на пријавени акционери за учество на Собранието на акционери на Банката, и ополномоштени лица пријавени за учество на Собранието кој содржи име и презиме на акционерот или полномошникот, потпис број на гласови.---------------------------------------------------------------------------
Од наведениот список по неговата верификација утврдив дека на седницата на Собранието од вкупно запишани акционери кои поседуваат вкупно 622.762 (шестотини дваесет и двеилјади и седум стотини и шеесет и две) обични акции, на седницата на Собрание на акционери на Банката присуствуваат

преставници акционери со вкупно 620.786 (шестотини и дваесет илјади и седум стотини и осумдесет и шест) обични акции со право на глас што процентуално преставува 99,68% (деведесетидеветзапиркашеесетиосумпроценти).---------------------------------------------------------------------------
Откако утврдив дека се исполнети условите за презмање на ова службено дејствије врз основа на член 73 од Законот за Нотаријат, и член 407 став 5 а во врска со чл. 383 став 3 од Законот за Трговски друштва (Сл.Весник на РМ бр. 28/2004 и член 9 и 10 од Правилникот за формата начинот на пишување и одбележување на нотарските исправи) го составив следниот------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**------------------------------------------------ЗАПИСНИК----------------------------------------------**
**-----------------ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ОДЛУКИ ОД СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ----------**
**---------------------------------на ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ------------------**
**----------------------------------------------од 26.07.2016 година ----------------------------------------**

Од Седницата од Годишното собрание на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје со седиште на на ул."Македонија" бр.9/11 во Скопје /во натамошниот текст Банка/ запишана во Трговскиот регистар при Централниот Регистар Скопје - Центар која се одржа на **26.07.2016 /ден дваестиишести, месец Јули, година двеилјади и шеснаесетагодина/** во седиштето на Банката ул."Македонија" бр.9/11 во Скопје. Собранието започна во 10,00 часот /десетчасот/ и истото го отвори г-ѓа Олгица Спасевска. За работата на Собранието доставен е следниот предлог на-----------------------------------------------------

**----------------------------------------------ДНЕВЕН РЕД ---------------------------------------------**

1. /еден/ Избор на Претседавач со Собранието, Нотар и бројач на гласови.----------------------------------
2./два/ Разгледување на Записникот од 38-та седница на Собранието на акционери-------------------------
3./три/ Одлука за именување на член на Надзорниот Одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје-4./четири/ Одлука за именување на член на Одборот за ревизија на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје------------------------------------------------------------------------------------------

**ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**---------------------------------------------------------------------------------

1/еден/ Собранието започна во 10,00 /десет/ часот и истото го отвори г-ѓа Олгица Спасевска Полномошник на доминантниот сопственик на Steiermarkische Bank und Sparkassen AG, која ги поздрави присутните акционери нивните полномошници, нагласувајќи голема благодарност на стручните служби на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје и моето присуство како нотар на денешното Собрание на акционери.---------------------------------------------------------------------------
г-ѓа Олгица Спасевска ги информираше присутните дека се води Записник во форма на јавна исправа од Нотар Весна Дончева од Скопје, надлежна за подрачјето на Основните судови на град Скопје, заради потврдување на одлуките од Седницата.------------------------------------------------------------
Согласно Законот за Трговски друштва пред да се пристапи кон усвојување на дневниот ред како предлог за Претседавач за ова Собрание беше предложена едногласно избрана г-ѓа Олгица Спасевска.-
**ПОТВРДУВАМ дека за претседавач на Седницата на Собранието на акционери на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје едногласно е избрана г-ѓа Олгица Спасевска** ------------------------
Претседавачот се заблагодари на довербата, поздравувајќи ги присутните и при тоа нагласи дека и е особена чест и задоволство да ја води Седницата на Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, посакувајќи успешна работна година на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје.-------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот на Седницата констатира дека во законски определениот рок по јавно објавениот повик во весникот Нова Македонија за одржување на Собранието на акционери на ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ, материјалите за Собранието, за сите акционери биле достапни, а од страна на акционерите нема доставено ниту еден предлог за измена и дополнување на предложениот дневен ред.-------------------------------------------------------------------------------------------------
Потврдувам дека Претседавачот посебно истакна дека во законскиот рок по објавувањето на јавниот повик и содржината на дневниот ред на веб страната на Банката, нема доставено предлози за измени и

дополнувања на дневниот ред. Согласно Законот за трговските друштва и Статутот на Банката, Собранието може да расправа само по прашања кои се уредно ставени на дневен ред.---------------------
Претседавачот на Собранието предложи стручните служби да го утврдат Списокот на пријавени акционери за да може Собранието на Акционерите полноважно да одлучува по материјалите од дневниот ред. ------------------------------------------------------------------------------------------------
По изборот за Претседавач на денешното Собрание на акционери од страна на г-ѓа **Олгица Спасевска** за бројач на гласови беше предложени и едногласно избран г-дин Владимир Палчевски.------------------
По ова се пристапи кон утврдување на верифицираниот список на присутните акционери. Утврдив дека е изготвен список на акционерите пријавени за учество на Собранието кој пред почетокот на седницата им беше даден на присутните акционери да го верификуваат истиот со потпис. Списокот по потпишувањето на присутните беше спореден со акционерската книга добиена од ЦДХР согласно ЗТД. По извршениот увид на верификуваниот список на акционерите констатирав дека на седницата се присутни претставници-акционери кои поседуваат вкупно 620.786 (шестотини и дваесет илјади и седум стотини и осумдесет и шест) обични акции со право на глас што процентуално преставува 99,68% (деведесетидеветзапиркашеесетиосумпроценти)-----------------------------------------------------
**ПОТВРДУВАМ дека Претседавачот го стави на гласање предложениот дневен ред и истиот едногласно е усвоен од присутните акционери. Воздржани и против немаше.--------------------------**
Претседавачот предложи собранието да продолжи со работа по останатите точки од предложениот дневен ред.------------------------------------------------------------------------------------------------------
Пред да се пристапи кон работниот дел на Седницата г-га Олгица Спасевска изврши увид во Списокот на акционери, со број на акции и констатира дека се исполнети условите за полноважно одржување на седницата и обезбеден е потребниот кворум за работа.-------------------------------------------

**Точка 2.**---------------------------------------------------------------------------------------------------------

**2./два/ Разгледување на Записник од 38-та седница на Собранието на акционери**---------------------

Преседавачот нагласи дека Записникот од претходната 38-та седница на Собранието во пропишаниот рок по одржувањето на седницата уредно е проследена до надлежните институции и достапен е на веб страната на Банката за сите акционери и заинтересирани страни.---------------------------------------------
Претседавачот отвори дискусија по однос на предложената точка. За дискусија не се јави никој. Бидејки никој не се пријави за дискусија Претседавачот ја стави предложената точка на гласање.--------
**ПОТВРДУВАМ дека по однос на предложената точка, Претседавачот констатираше дека присутните акционери едногласно донесоа**----------------------------------------------------------------------

**-------------------------------------------О Д Л У К А-----------------------------------------------------------**

**---------------за усвојување на Записник од 38-та седница на Собранито на акционери---------------**

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 3.**-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**3./три/Одлука за именување на член на Надзорниот Одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје**--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот по однос на третата точка од дневниот ред отвори расправа и запраша дали има некој за збор За дискусија не се јави никој. Бидејки никој не се пријави за дискусија Претседавачот ја стави предложената точка на гласање.**ПОТВРДУВАМ дека по однос на предложената точка, Претседавачот констатираше дека присутните акционери едногласно донесоа**------------------------

**-------------------------------------------О Д Л У К А-----------------------------------------------------------**

**-------за именување член на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје---------**

1. За член на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, се именува:-------------------
Ханс Лудвиг Диксер------------------------------------------------------------------------------------------------
2. Кандидатот е член на Надзорниот одбор, како претставник на доминантниот акционер Steiermarkische Bank und Sparkassen AG.---------------------------------------------------------------------------
3. Мандатот на членот на Надзорниот одбор од став 1 на оваа Одлука е четири години.------------------

4. На членовите на Надзорниот одбор им припаѓа надомест за учество и работа на седниците во висина определена со одлука на Собранието на Банката.---------------------------------------------------------------
5. Оваа Одлука ќе стапи на сила по добивање согласност од Гувернерот на Народната Банка на РМ.----
**Точка 4.**--------------------------------------------------------------------------------------------------------
**4./четири/Одлука за именување на член на Одборот за ревизија на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје**------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот по однос на последната точка од дневниот ред отвори расправа и запраша дали има некој за збор За дискусија не се јави никој. Бидејки никој не се пријави за дискусија Претседавачот ја стави предложената точка на гласање.-----------------------------------------------------------------------
ПОТВРДУВАМ дека по однос на предложената точка, Претседавачот констатираше дека присутните акционери едногласно донесоа-------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------**О Д Л У К А**------------------------------------------------------
---------**за именување член на Одборот за ревизија на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје**---
1. Со оваа Одлука за член на Одборот за ревизија на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, се именува:----------------------------------------------------------------------------------------------------------
- Ханс Лудвиг Диксер---------------------------------------------------------------------------------------
2. Мандатот на членот на Одборот за ревизија од став 1 на оваа Одлука е четири години.------------------
3. На членовите на Одборот за ревизија им припаѓа надомест за учество и работа на седниците во висина определена со одлука на Собранието на Банката.----------------------------------------------------
4. Оваа Одлука ќе стапи на сила на денот на донесувањето.------------------------------------------------
Потврдувам дека Претседавачот на Собранието на акционери заклучи дека содржините од дневниот ред на Собранието на акционери се исцрпени и Претседавачот ја затвори седницата на Собранието.----
Седницата заврши во 10.20 часот/десет часот и дваеесет минути/ ----------------------------------------
**Претседавач Олгица Спасевска с.р**________________________________-------------------------
Записникот компјутерски ќе го обработам во мојата Нотарска канцеларија, по што на учесниците ќе им се даде препис кој ќе го заведат во нивната архива, а врз основа на кој ќе ги остваруваат своите права во евентуални постапки ----------------------------------------------------------------------------------
Составен дел на Записникот се Поканата за седница, Јавен Повик, Тековна состојба, Список на верифицирани акционери заверен од претседавачот, Извештај од 26.07.2016 година, Извод од акционерската книга издаден од ЦДХВ на ден 26.07.2016 година, Полномошно и материјали по дневен ред. -----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Записникот е составен на 4/четири/страни на 4/четири/листа.--------------------------------------------
Записникот е составен во четири еднообрзни примероци од кои два изводи за Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, еден за архивата на нотарот и еден за упис во трговскиот регистар.--------------
Нотарската такса за заверка по тарифен број од 28 од Законот за судски такси и член 139 ст.3 од Законот за Нотаријат во износ од 500,оо денари е уредно наплатена.-------------------------------------------
Нотарска награда е пресметана согласно Нотарската тарифа во износ од 11.000,оо денари.---------------
ОДУ бр.738/16-----------------------------------------------------------------------------------------------------
Во Скопје, 26.07.2016 година (ден дваесетиседми, месец Јули, година две илјади и шеснаесета година/

**Нотар Весна Дончева**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ВЕСНА
ДОНЧЕВА
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ВЕСНА
ДОНЧЕВА
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ВЕСНА
ДОНЧЕВА
СКОПЈЕ